UDC 615
661.12
ISSN 1409 - 8695

# Македонски фармацевтски билтен
# Macedonian Pharmaceutical Bulletin



Макед. фарм. билт., 49 (1,2) с. 1 - 228, 2003 Скопје
Maced. Pharm. Bull., 49 (1,2) pp. 1 - 228, 2003 Skopje

# Жолт кантарион – лек на иднината

С. Јуруковска [1], И. Филов [2]

*Медицински центар - аптеки - Др. Трифун Пановски Битола*
*Оддел за ментално здравје Прилеп*

Жолтиот кантарион (*Hypericum perforatum*, Hypericaceae (Guttiferae) е многу распростането растение во Македонија. Расте на повисоки места, на пасишта, на ливади, на суви места. Има елиптично јајцовидни листовите без лисна дршка. Од месец мај до крајот на август на врвот на стеблото се развиваат жолто златести цветови собрани во вид на метличка. Во лековити цели се користи хербата од растението. Во себе содржи горчливи материи, етерично масло, танини, витамин Ц и боени материи. Од боените материи го содржи пигментот хиперицин кој делува како фотосензибилен агенс кај луѓето, хиперфорин кој делува антибактериски, гликозиди вклучувајќи го рутинот и др. Во нашиот труд го испитувавме антидепресивното дејство на кантарионот. На пациентите им беа давани капсули кои содржеа 0,1 g сув екстракт на кантарион со 300 mg хиперицин. Препаратот им се даваше во зимскиот период кога сонцето е слабо или воопшто го нема, така да тие беа заштитени од фотосензибилното дејство на кантарионот.

Беа испитани околу 30 пациенти на возраст од 20-50 години со блага до средноумерена депресија. Кај пациентите со блага депресија препаратот се дозираше 3x1 капсула во период од 3 месеци. Кај 60 % од пациентите состојбата битно се подобри после само 1,5 месец од почетокот на терапијата. Пациентите беа подобро расположени, чувството на страв се губеше, психосоматските симптоми како: пореметен сон главоболки, исцрпеност полека ги снемуваше. Пациентите пак со средноумерена депресија покрај препаратот канторион земаа и некој трицикличен антидепресив. Кај 80% од овие пациенти општата состојба беше повеќе од задоволувачка. Мора да се напомени дека жени кои користат орални контрацептиви не смеат да го користат овој препарат како и за време на бременост и во период на доење.